Република Македонија

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ**

# ПРОГРАМА

**за работа на Државниот управен инспекторат за 2010 година**

**Скопје, Декември 2009 година**

# ВОВЕД

Согласно член 17 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/2000, 44/2002 и 82/2008), Државниот управен инспекторат е орган во состав на Министерството за правда, кој според Законот за управната инспекција ("Службен весник на РМ" бр. 69/2004;22/07;115,07), врши надзор над примената на одредбите од Законот за општата управна постапка и другите закони и прописи сто содржат одредби за управната постапка, водењето на евиденција за податоците што се однесуваат на решавањето на управните работи во првостепената управна постапка -образец на Уписник –Уп I , за второстепената управна постапка образец на Уписник-Уп II, доставувањето на извештаите од управната статистика Из 1 и Из 2, надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози, водењето на евиденција образец на уписник УПП и доставување на извештаите образец на ИПП до Министерството за правда, како и надзор над извршувањето на прописите за канцелариското работење.

При утврдувањето на содржината на Програмата за работа на Инспекторатот за 2010 година, се имаше во предвид надлежноста и организацијата на управната инспекција утврдени со закон.

Во Предлог програмата, задачите и активностите што ќе ги извршува Инспекторатот во 2010 година се систематизирани по области и тоа: инспекциски надзор; аналитичко-информативна дејност, соработка со други државни органи; обуки и работни состаноци со вработените, следење на состојбите во областа, нормативна дејност и обуки за имплементацијата на Законот за општата управна постапка, Законот за постапување по претставките и предлозите и примената на прописите за канцелариското работење.

## 1. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Инспекцискиот надзор се врши како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор

*Редовни инспекциски надзори* се вршат над примената на одредбите од Законот за општата управна постапка и другите закони и прописи што содржат одредби за управната постапка, а кои се однесуваат особено на:

- навременото, економичното и ефикасното остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи
- постапувањето во пропишаните рокови во првостепената и второстепената управна постапка, како и во роковите определени со актите на судските органи;
- навременото вклучување на заинтересираните странки во управната постапка заради заштита на нивните права и интереси;
- обезбедувањето на доказите по службена должност од евиденцијата што ја води органот надлежен за решавање, или друг орган на државната управа, правни и други лица кои имаат доверено да вршат јавни овластувања, општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје;
- извршувањето на правосилните управни акти;
- наплатата на трошоците во управната постапка;
- примање на поднесоците;
- издавањето на уверенија и други јавни исправи за одредени факти од службената евиденција
- стручната подготовка на државните службеници и вработените кои преземаат дејствија во управната постапка;
- доставувањето на управните акти и другите писмена;
- начинот на однесувањето и работењето на државните службеници и вработените;
- употребата на јазиците на странките во управната постапка,

-водењето на евиденција за управната статистика во првостепената и второстепената управна постапка и доставувањето на извештаите од управната статистика до Министерството за правда,

- постапувањето по претставките и предлозите, водењето на евиденција и доставувањето на извештаите, како и

-надзор над извршувањето на прописите за канцеларискито работење

**Рок: 01.01.2010 - 31.12.2010 година**

*Контролни инспекциски надзори* ќе се вршат за да се утврди дали се извршени решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените предлози и иницијативи од правни, физички и други лица кои учествуваат како странки во управната постапка пред надлежен орган .

**Рок: 01.01.2010 - 31.12.2010 година**

*Инспекциски надзори по поднесени иницијативи и претставки* се вршат кога граѓаните и другите учесници во постапката ќе согледаат одредени неправилности во работењето на органите на државната управа, другите државни органи,установи и институции, правни и други лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, поднесат иницијативи и предлози до управната инспекција за вршење на инспекциски надзор, и надзори по овластување од министерот за правда и директорот на инспекторатот.

**Рок: 01.01.2010 - 31.12.2010 година**

Во текот на 2010 година, Државниот управен инспекторат ќе врши инспекциски надзор во следните органи на државната управа и тоа:

1. Државен завод за ревизија - редовен и контролен инспекциски надзор;

2.Државен завод за индустриска сопственост- редовен и контролен инспекциски надзор;

3. Државен завод за статистика- редовен и контролен инспекциски надзор

4. Дирекција за технолошки индустриски развојни зони- редовен и контролен инспекциски надзор;

5. Дирекција за заштита на лични податоци- редовен и контролен инспекциски надзор;

6.Дирекција за безбедност на класифицирани информации- редовен и контролен инспекциски надзор;

7.Агенција за вработување на Македонија со Центрите за вработување- редовен и контролен инспекциски надзор;

8.Агенција за млади и спорт- редовен и контролен инспекциски надзор;

9.Агенција за државни службеници- редовен и контролен инспекциски надзор;

10. Агенција за цивилно воздухопловство- редовен и контролен инспекциски надзор;

11.Агенција за претприемништвото- редовен и контролен инспекциски надзор;

12.Агенција за електронски комуникации на РМ- редовен и контролен инспекциски надзор;

13.Агенција за енергетика- редовен и контролен инспекциски надзор;

14.Агенција за пошти- редовен и контролен инспекциски надзор;

15.Агенција за супервизија на капитално финансиско пензиско осигурување МАПАС- редовен и контролен инспекциски надзор;

16. Агенција за иселеништво- редовен и контролен инспекциски надзор;

17.Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер- редовен и контролен инспекциски надзор;

18.Комисија за односи за верските заедници и религиозни групи- редовен и контролен инспекциски надзор ;

19.Комисија за заштита од конкуренција- редовен и контролен инспекциски надзор;

20.Регулаторна комисија за енергетика- редовен и контролен инспекциски надзор;

21.Комисија за решавање на жалби од областа на енергетиката- редовен и контролен инспекциски надзор;

22.Комисија за хартии од вредност- редовен и контролен инспекциски надзор;

23. Совет за радиодифузија на РМ- редовен и контролен инспекциски надзор;

24.Основни и средни училишта во Републиката- редовен и контролен инспекциски надзор.;

25.Државна комисија за жалби по јавни набавки- редовен и контролен инспекциски надзор;

26. Државна изборна комисија - редовен и контролен инспекциски надзор;

27.Државна комисија за спречување на корупцијата- редовен и контролен инспекциски надзор;

28.Управа за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам-редовен и контролен инспекциски надзор;

29.Царинска управа- редовен и контролен инспекциски надзор;

30.Централен депозитар на хартии од вредност- редовен и контролен инспекциски надзор;

31.Централен регистер на РМ- редовен и контролен инспекциски надзор;

32.Републички завод за унапредување на социјални дејности- редовен и контролен инспекциски надзор;

33.Министерства на Република Македонија управно работење -редовен и контролен инспекциски надзор;

34.Управа за имотно правни работи со одделенијата за управна постапка во општините- редовен и контролен инспекциски надзор;

35. Државен архив на РМ- редовен и контролен инспекциски надзор;

36.Јавно претпријатие Македонија пат- редовен и контролен инспекциски надзор;

37.Јавно претпријатие Студенчица- редовен и контролен инспекциски надзор;

38.Јавни претпријатија во Единиците на локалната самоуправа- редовен и контролен инспекциски надзор;

39.Управа за јавни приходи;

40.Административни органи на Единиците на локалната самоуправа-урбанизам, комунално станбени работи и заштита на животната средина- редовен и контролен инспекциски надзор.

-и други државни(собраниски) комисии.

**2). ОБУКИ**

Државниот управен инспекторат во 2010 година ќе одржи обуки на државните службеници на тема: Имплементација на одредбите од Законот за општата управна постапка, Закон за постапување по претставки и предлози и примена на прописите за канцелариско работење и тоа за :вработени во органите на државната управа, другите државни органи, правни и други лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања и органите на единиците на локалната самоуправа:

а). Обуки за вработените на Државниот управен инспекторат.

б).Обуки на државните службеници и други вработени во органите на државната управа, другите државни органи, правни и други лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања и органите на единиците на локалната самоуправа.

**3). ПРОЕКТИ**

Државниот управен инспекторат во 2010 година ќе го реализира проектот "Ало инспекција", чија цел ќе биде подобрување на квалитетот и ажурноста на државната администрација.

**4). АНАЛИТИЧКО – ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Државниот управен инспекторат врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2009година ќе изготви:

1. Извештај за работата на Државниот управен инспекторат за 2009 година.

**Рок: Јануари 2010 година**

2. Програма за работа на Државниот управен инспекторат за 2011 година.

**Рок: Декември 2010 година**

3.Програма за волонтери и практиканти во Државниот управен инспекторат;

4. Програма за обуки на државни службеници и други вработени кои превземаат дејствија за решавање на предметите во првостепена и второстепена управна постапка ;

5. Информации и Анализи на состојбите во органите на државната власт од надлежност на Државниот управен инспекторат по Заклучоци на Владата на Република Македонија;

6. Информации за работењето на органите на државната управа врз основа на извршениот редовен, односно контролен инспекциски надзор.

**Рок: 01.01.2010 -31.12. 2010 година**

**5). СОРАБОТКА НА ИНСПЕКТОРАТОТ СО ДРУГИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И ОДРЖУВАЊЕ НА РАБОТНИ СОСТАНОЦИ**

Инспекторатот во рамките на своите овластувања,и надлежности утврдени со закон континуирано ќе соработува со сите органи на државната управа, другите државните органи, правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања кога во рамките на надлежностите утврдени со закон решаваат за правата и правните интереси на странките во управната постапка.

Ваква соработка во интерес на граѓаните, Инспекторатот ќе остварува и со Државните инспекторати и инспекциски служби на Единиците за локална самоуправа кои се надлежни за вршење на инспекциски надзор. Во рамките на ваквата соработка по потреба ќе се организираат заеднички договорни состаноци за заедничко дејствување и отстранување на негативните состојби и слабости во работењето на органите, се со цел за доследна примена на одредбите од материјалните закони и Законот за општата управна постапка кој се применува како супсидиерен закон.

**Рок: по потреба во текот на годината**

За реализација на годишната програма, годишниот извештај и месечните оперативни планови, Инспекторатот во 2010 година ќе одржи два редовни состаноци со сите вработени на кои ќе биде разгледани и стручни прашања од тековното работење и прашања од интерес на вработените.

**Рок: Март и Септември 2010 година**

## 5). СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА

Државниот управен инспекторат во текот на годината континуирано ќе ги следи состојбите во областа, а особено состојбите во поглед на примената на законите и другите прописи со кои се обезбедува законитост, ажурност, ефикасност и економичност во работењето на органите на државната управа, другите државни органи, организации и институции во кои врши надзор согласно Законот за управната инспекција и аналогно на тоа ќе презема соодветни мерки и активности за отстранувањето на недостатоците во работењето на истите.

Во рамките на следењето на состојбите во областа, компаративно ќе се проучуваат законите и другите прописите од управната област во земјите членки на ЕУ во поглед на улогата и надлежноста на управната инспекција или слични вакви институции за хармонизација на постоечката и усвојување на нова легислатива од управното право.

**Рок: во текот на 2010 година**

## 6). НОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

Државниот управен инспекторат во текот на 2010 година ќе учествува во работната група формирана од министерот за правда за изготвување на:

**1.Законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка (,,Сл. весник на РМ,, бр.38/05 и 110/08).**

Со изменувањето и дополнувањето на Законот за општата управна постапка се врши усогласување со Амандман XXI од Уставот на Република Македонија во однос на правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечните акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државна управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања.

**Рок: Декември 2010 година**

**2.Закон за инспекциски надзор**

Со овој закон ќе се уредуваат основните начела на инспекцискиот надзор, организацијата на инспекциските органи, правата и должностите на инспекторите, правата и должностите на субјектите на надзорот, постапката за вршење на инспекциски надзор и други работи кои се однесуваат на инспекцискиот надзор.

Одредбите на овој закон ќе се однесуваат на инспекторите во инспекциските служби кои се организирани како органи во состав на министерствата(во натамошниот текст:инспекторати), или како организациони единици во рамките на другите органи на државната управа и единиците на локалната самоуправа.

Одредбите на овој закон нема да се применуваат кога предмет на надзорот се класифицирани информации, лични податоци, како и документи кои се однесуваат на заштитата на интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија, кога тоа е утврдено со закон.

**Рок: Декември 2010 година**

**3. Закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција („Сл. весник на РМ„бр. 69/04;22/07 и 115/07).**

Со Законот што се предлага да биде донесен се врши допрецизирање на надлежноста на управната инспекција, се регулира прекршочната постапка согласно Законот за прекршоците и постапката за вршење на инспекциски надзор во управното и канцелариското работење во органи на државната управа ,другите државни органи, правни и други лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања и органите на единиците за локалната самоуправа кога непосредно применувајќи ги прописите решаваат во управни работи за поединечни права, правни интереси и обврски на правни и физички лица во управната постапка. Со законот ќе биде предвидена обврска за донесување на подзаконски акт со кој ќе биде пропишана евиденција за движењето на предметите од надлежност на Државниот управен инспекторат.

**Рок: Декември 2010 година**

**4. Правилник за водење на евиденција за движење на предметите**

Со Правилникот ќе биде пропишан образец на уписник за движењето на предметите од надлежност на Државниот управен инспекторат а кои се заведени во деловодникот како основна евиденција, Уписникот за првостепена управна постапка-

Уп I, уписникот за второстепена управна постапка- Уп II, или во Уписникот за претставки и предлози УПП.

**Рок: Декември 2010 година**

**5.Анализа за примената на Законот за постапување по претставки и предлози.**

Во Анализата ќе биде утврдена состојбата за едногодишната примена на одредбите од Законот за постапување по претставките и предлозите и подзаконските акти за имплементирање на законот.

**Рок: Декември 2010 година**

**6.Анализа на остварувањето на функцијата на управната инспекција.**

Во Анализата ќе биде утврдено досегашното остварување на функцијата на управната инспекција што ја врши Државниот управен инспекторат како орган во состав на Министерството за правда.

**Рок: Декември 2010 година**

Исто така, Инспекторатот во нормативниот дел ќе дава мислења и предлози по закони и други прописи изготвени од други органи на државната управа, доколку истите содржат одредби за управната постапка и инспекцискиот надзор.

**ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ**
**ДИРЕКТОР**
**Димитар Ѓеорѓиевски**